# GUID 9040

## Добра пракса во врска со транспарентноста на ВРИ

Упатствата на INTOSAI се издаваат од Меѓународната организација на врховни ревизорски институции, INTOSAI, како дел од Рамката за професионални објави на INTOSAI. За повеќе информации посетете ја www.issai.org

INTOSAI

Документ објавен пред IFPP - овој документ е изготвен пред креирањето на Рамката за професионални објави на INTOSAI (IFPP) во 2016 година. Затоа може да се разликува во формалната намена од поновите упатства за ревизија на INTOSAI.

INTOSAI

INTOSAI, 2019 година

1) Познат како ISSAI 21: Принципи на транспарентност и отчетност – Принципи и добра пракса

2) Одобрен во 2010 година

3) Со воспоставувањето на Рамката за професионални објави на INTOSAI (IFPP), преименуван и означен како GUID 9040 - Добра пракса во врска со транспарентноста на ВРИ, со438 уреднички измени во 2019 година

GUID 9040 е достапен на сите официјални јазици на INTOSAI: арапски, англиски, француски, германски и шпански

# СОДРЖИНА


**1. ВОВЕД** 4

**НАМЕНА И ЦЕЛИ** 4

**2. ПРИНЦИПИ** 5

**ПРИНЦИП 1**
ВРИ ги извршуваат своите должности според законска рамка која обезбедува отчетност и транспарентност 5

**ПРИНЦИП 2**
ВРИ јавно го објавуваат својот мандат, одговорности, мисија и стратегија 6

**ПРИНЦИП 3**
ВРИ усвојуваат ревизорски стандарди, процеси и методи кои се објективни и транспарентни 7

**ПРИНЦИП 4**
ВРИ применуваат високи стандарди на интегритет и етика за вработените на сите нивоа 9

**ПРИНЦИП 5**
ВРИ осигуруваат дека овие принципи на отчетност и транспарентност не се компромитираат при користење надворешни соработници (аутсорсинг) 10

**ПРИНЦИП 6**
ВРИ управуваат со своето работење економично, ефикасно, ефективно и во согласност со законите и прописите и јавно известуваат за овие прашања 11

**ПРИНЦИП 7**
ВРИ јавно известуваат за резултатите од нивните ревизии и заклучоците во врска со целокупните владини активности 13

**ПРИНЦИП 8**
ВРИ навремено и широко комуницираат за нивните активности и резултатите од ревизијата преку медиуми, веб-страни и на други начини 15

**ПРИНЦИП 9**
ВРИ користат надворешни и независни совети за подобрување на квалитетот и кредибилитетот на нивната работа 16

# 1

# ВОВЕД

## НАМЕНА И ЦЕЛИ

*INTOSAI-P 20 - Принципи на транспарентност и отчетност* ги унапредува принципите на транспарентност и отчетност за ВРИ со цел да им помогне да бидат пример со нивното управување и пракса.

Добрата пракса презентирана во овој документ дава неколку примери ВРИ за транспарентност и отчетност на ВРИ. Со цел да биде лесен за употреба, овој документ ги презема принципите на INTOSAI-P 20 со курзивни букви (italics).

Ова е жив документ. Како што се развиваат праксата и нови методи, се поттикнуваат ВРИ да ги споделат своите искуства.

# 2

# ПРИНЦИПИ

## ПРИНЦИП 1

**ВРИ ги извршуваат своите должности согласно законска рамка што обезбедува отчетност и транспарентност.**

»ВРИ треба да имаат водечко законодавство и регулативи во однос на кои тие можат да бидат одговорни и отчетни.

»Таквото законодавство и регулативи вообичаено го опфаќа следното: (1) органот за ревизија, надлежноста и одговорностите, (2) условите за назначување и разрешување на раководителот на ВРИ и членовите во колегијалните институции, (3) условите за работење и финансиското управување на ВРИ, (4) навремено објавување на ревизорските извештаи, (5) надзор над активностите на ВРИ и (6) рамнотежа меѓу јавниот пристап до информации и доверливоста на ревизорските докази и другите информации на ВРИ.

### » ДОБРА ПРАКСА

» Повеќето веб-страни имаат заглавие насловено „Законска регулатива“ или „Правен мандат“, во кој детално се опишува правната рамка согласно која работи ВРИ и, во некои случаи, со директни линкови до релевантните документи.

» Кај некои ВРИ, во законската регулатива детално се упатува на принципите на транспарентност и отчетност. Некои ВРИ се повикуваат на правилата за отчетност и транспарентност кои се применливи за Главниот ревизор на ВРИ.

» Голем број законски регулативи за ВРИ предвидуваат парламентарен или јавен пристап до документите на ВРИ. За една ВРИ, законодавството обезбедува исцрпна листа на основи врз кои може да се иземат информации.

» Некои ВРИ извлекуваат докази од „Кодексот на добра пракса за транспарентност на монетарните и финансиските политики“ на Меѓународниот монетарен фонд (ММФ), усвоен во 1999 година.

# ПРИНЦИП 2

**ВРИ јавно го објавуваат јавно својот мандат, одговорности, мисија и стратегија**

» Мандатот, мисијата, организацијата, стратегијата и односите со различни засегнати страни на ВРИ, вклучително со законодавните тела и извршните органи, се јавно достапни.

» Условите за именување, повторно именување, пензионирање и смена на раководителот на ВРИ и членовите во колегијалните институции се јавни.

» Се охрабруваат ВРИ да ги објават основните информации за нивниот мандат, одговорности, мисија, стратегија и активности на еден од официјалните јазици на INTOSAI, покрај јазиците на нивните земји.

## » ДОБРА ПРАКСА

» Поголемиот дел од ВРИ објавуваат детали за нивниот мандат, одговорности, мисија и стратегија.

» Некои ВРИ изјавуваат дали имаат целосна дискреција во одлучувањето за

ревизиите што треба да ги извршат (на пр. кога други тела се надлежни за ревизии, на пример, на вонбуџетски фондови и сектор за безбедност).

» Една ВРИ има „информативни летоци“ со цел да им помогне на парламентарците и на другите засегнати страни да ја разберат нејзината работа во практична смисла (на пример: како Канцеларијата на Главниот ревизор спроведува ревизија на успешност).

» Некои информации за ВРИ се достапни на нивната веб-страна, заедно со информативните летоци, во врска со нивните задачи и работење, на два или повеќе официјални јазици на INTOSAI.

» Некои ВРИ ги прават информациите достапни на други јазици покрај нивниот официјален јазик(-ици).

# ПРИНЦИП 3

**ВРИ усвојуваат ревизорски стандарди, процеси и методи кои се објективни и транспарентни**

» ВРИ усвојуваат стандарди и методологии што се во согласност со основните принципи на ревизија на INTOSAI, разработени во Меѓународните стандарди на врховните ревизорски институции.

» ВРИ информираат кои се тие стандарди и методологии и како тие се усогласени со нив.

» ВРИ информираат за обемот на ревизорските активности што ги преземаат согласно нивниот мандат и врз основа на процесите за проценка на ризик и планирање.

» ВРИ комуницираат со субјектот предмет на ревизија за критериумите врз кои ќе ги засноваат своите мислења.

» ВРИ го известуваат ревидираното тело за нивните ревизорски цели, методологија и наоди.

» Ревизорските наоди на ВРИ се предмет на постапка за давање забелешки, а препораките за дискусија и одговори од субјектот предмет на ревизија.

» ВРИ имаат ефективни механизми за следење на нивните препораки и известуваат за истите, со цел да се осигурат дека субјектите на ревизија соодветно ги адресираат нивните забелешки и препораки, како и оние дадени од Законодавниот дом (INTOSAI-P 10 – Декларација од Мексико за независноста на ВРИ - принцип 7).

» Постапките за следење на ВРИ овозможуваат субјектот на ревизија да обезбеди информации за преземените корективни мерки или зошто не се преземени корективни мерки.

» ВРИ треба да имплементираат соодветен систем за осигурување на квалитет за нивните ревизорски активности и известување и ваквиот систем да го подложат на периодична независна проценка.

## » ДОБРА ПРАКСА

» Сите анкетирани ВРИ го применуваат овој принцип. Сепак, покрај објавите на INTOSAI, некои ВРИ имаат издадено прирачници, функционални директиви, алатки и упатства.

» Во врска со прецизното следење на препораките дадени од ВРИ, може да се цитираат три примери:

- една ВРИ, во нејзиното периодично известување до парламентот воведе „Извештај за статусот“ кој обезбедува проценка за тоа што направила владата за да ги адресира препораките од претходно направените ревизии на успешност.
- друга ВРИ го посветува вториот дел од својот годишен јавен извештај на „Следење на согледувањата на ВРИ“ и дава индикатори за успешност мерејќи го бројот на спроведени препораки.
- трета ВРИ, во годишниот извештај за државната сметка кој се доставува до парламентот, упатува на најважните препораки издадени во сите ревизорски извештаи таа година.

» Голем број ВРИ:

- ја објавуваат ревизорската методологија на нивните веб-страни. Ова ги вклучува нивните прирачници за финансиска ревизија и ревизија на успешност, како и функционални упатства и алатки за ревизија.

- објавуваат на нивните веб-страни список на планирани ревизии на успешност.
- го вклучуваат одговорот од ревидираниот сектор во објавените ревизорски извештаи.
- имаат периодични надворешни проверки од колеги (peer reviews) за да се осигурат дека нивната рамка за управување со квалитет е соодветно дизајнирана и работи ефективно.

  ВРИ, исто така, вршат проверка на пракса во нивните ревизии. Резултатите од peer reviews и резимеата од проверките на пракса се објавуваат на нивните веб-страни, во нивните годишни извештаи или во било каква печатена форма.
- Една ВРИ изврши систематска споредба за да се осигура дека внатрешните упатства за  ревизија соодветно ги рефлектираат ISSAIs. Истата ВРИ си постави за цел да го ажурира внатрешното упатството за ревизија не подоцна од 12 месеци по издавањето на  многу нови ISSAI во „верзија за одобрување“.

# ПРИНЦИП 4

**ВРИ применуваат високи стандарди на интегритет и етика за вработените на сите нивоа.**

» ВРИ имаат етички правила или кодекси, политики и пракса кои се усогласени со ISSAI 130 Кодекс за етика, разработен во согласност со Меѓународните стандарди на врховните ревизорски институции.

» ВРИ спречуваат внатрешен конфликт на интереси и корупција и осигуруваат транспарентност и законитост на сопственото работење.

» ВРИ активно го промовираат етичкото однесување во организацијата.

» Етичките барања и обврски на ревизорите, судиите (во моделот со судски надлежности), државните службеници или други, се објавуваат јавно.

## » ДОБРА ПРАКСА

ВРИ усвојува сет на вредности и етички кодекс и професионално однесување, кои ја насочуваат нејзината работа.

ВРИ е посветена на економичност, транспарентност и највисоки етички стандарди во финансиската администрација. Една ВРИ ги објавува на својата веб-страна патните трошоци и трошоците за гостопримство на раководителот на ВРИ и високото раководство.

Во две ВРИ, ревизорот, на почетокот на секоја ревизија, потпишува изјава за отсуство на потенцијален конфликт на интереси, за која високото раководство може да изврши проценка и да донесе одлука.

Исто така, голем број ВРИ усвоија етичка повелба за нивните судии и воспоставија етичка комисија.

Некои ВРИ имаат обврска да ги повлечат своите членови од активности каде постои лична поврзаност.

Една ВРИ откри во свој ревизорски извештај ситуација каде постоел конфликт на интереси и чекорите што биле преземени од ВРИ за да се осигури дека вработениот од повисок ранг не бил инволвиран во или немал пристап до документи или активности поврзани со ревизијата.

Во некои случаи, етичките обврски вклучуваат давање заклетва од страна на судијата и регистрација на декларации за наследства.

# ПРИНЦИП 5

**ВРИ осигуруваат дека овие принципи на отчетност и транспарентност не се компромитираат при користење надворешни соработници (аутсорсинг).**

» ВРИ треба да осигурат дека договорите за користење надворешни соработници не ги загрозуваат принципите на отчетност и транспарентност.

» Ангажирањето надворешни експерти и извршувањето ревизорски активности од страна на надворешни субјекти, јавни или приватни, е надлежност на ВРИ и подлежи на етички политики (особено конфликт на интереси) и политики за обезбедување интегритет и независност.

## » ДОБРА ПРАКСА

» Договорните правилата се прецизно дефинирани од некои ВРИ, вклучително и изјава за потенцијален конфликт на интереси при ангажирање на надворешни експерти.

» Една ВРИ ги објавува на својата веб-страна сите договори што ги има склучено Во износ поголем од 10.000 УСД.

# ПРИНЦИП 6

**ВРИ управуваат со своето работење економично, ефикасно, ефективно и во согласност со законите и прописите и јавно известуваат за овие прашања.**

» ВРИ користат добра пракса за управување, вклучително и соодветни внатрешни контроли за финансиско управување и работење. Ова може да вклучува внатрешни ревизии и други мерки.

» Финансиските извештаи на ВРИ јавно се објавуваат и се предмет на независна надворешна ревизија или проверка од парламентот.

» ВРИ вршат проценка и известуваат за нивното работење и учинок во сите области, како што се финансиска ревизија, ревизија на усогласеност, судски активности (ВРИ конституирани како судови), ревизија на успешност, евалуација на програми и заклучоци во врска со владини активности.

»ВРИ одржуваат и развиваат вештини и компетенции потребни за извршување на работата за постигнување на нивната мисија и исполнување на нивните одговорности.

» ВРИ јавно објавуваат колкав е нивниот вкупен буџет и известуваат за потеклото на финансиските ресурси (парламентарни апропријации,

општ буџет, министерство за финансии, агенции, надоместоци) и како се користат тие ресурси.

» ВРИ ги мерат и известуваат за ефикасноста и ефективноста на користењето на своите средства.

» ВРИ, исто така, може да користат ревизорски комитети, составени од мнозинство независни членови, за разгледување и давање инпут во врска со нивното финансиско управување и процесите на известување.

» ВРИ може да користат индикатори за учинок за да ја проценат вредноста на ревизорската работа за парламентот, граѓаните и другите засегнати страни.

» ВРИ ја следат својата видливост во јавноста, резултатите и влијанието преку надворешни повратни информации.

## » ДОБРА ПРАКСА

» Голем број ВРИ обезбедуваат многу примери за нивните индикатори за учинок.

» Некои ВРИ имаат посветено извештаи на оваа тема кои се јавни.

» Некои користени индикатори за успешност/извршување:

» Број на извештаи за учинок (активност)

- Степен на извршување на планот за ревизија на ВРИ
- Степен на имплементација на препораките
- Финансиски/нефинансиски придобивки што произлегуваат од имплементираните препораки на ВРИ
- Број на излагања пред Парламентот / Конгресот
- Навременост на финализирање на ревизорскиот извештај

» Голем број ВРИ користат надворешни повратни информации, како на пр. консултации на веб-страни, анкети за задоволството на засегнатите страни, медиумско покривање.

» Голем број ВРИ:

- имаат задолжителна програма за обука за да се осигурат дека вработените поседуваат соодветни вештини и знаење за извршување на ревизорската работа.
- имаат формални аранжмани за обука со професионални институции.
- објавуваат годишен извештај за учинокот кој вклучува голем број индикатори за учинок и резултати, со една страна каде се наведени достигнувањата за годината, како и областите во кои има потреба од подобрување. Во извештајот е презентирана табела со резиме во кое се наведени целите и актуелните резултати за годината. Примерите за индикаторите за учинок вклучуваат степен на имплементација на препораките и број на собраниски расправи и брифинзи. Други информации во овој извештај се засегнатите страни (парламентарци, владини сектори и државни корпорации) резултати од анкетите на задоволството, финансиски учинок што укажува на трошоците за работењето, компензација и придобивки и ревидирани финансиски извештаи.

» Некои ВРИ имаат комитет за ревизија и ризик.

» Една ВРИ поставува цели за учинок врз основа на резултатот од надворешна проценка на примерок од извештаи. Известувањето на оваа ВРИ за жалбите и резултатите од ревизијата на успешноста ВРИ за парламентот се оценува од признати академски експерти. Специјалисти за надворешна комуникација го оценуваат квалитетот на презентирањето во извештаите. ВРИ известува за целите за учинок во својот годишен извештај.

# ПРИНЦИП 7

**ВРИ јавно известуваат за резултатите од нивните ревизии и заклучоците во врска со целокупните владини активности.**

» ВРИ јавно ги објавуваат своите заклучоци и препораки што произлегуваат од ревизиите, освен ако истите се сметаат за доверливи согласно посебни закони и регулативи.

» ВРИ известуваат за следењето на преземените мерки во врска со нивните препораки.

» ВРИ конституирани како судови известуваат за санкциите и казните изречени за сметководителите или раководителите.

» ВРИ, исто така, јавно известуваат за вкупните резултати од ревизијата, на пр. целокупната владина имплементација на буџетот, финансиската состојба и работењето и целокупниот напредок на финансиското управување и, доколку се вклучени во нивната законска рамка, професионалните капацитети.

» ВРИ одржуваат силна врска со релевантните парламентарни комисии за да им помогнат подобро да ги разберат ревизорските извештаи и заклучоците и да преземат соодветни активности.

## » ДОБРА ПРАКСА

» ВРИ (судови или други модели) известуваат за бројот на потенцијални кривични дела откриени со нивните ревизии.

» Повеќето разгледувани ВРИ ја потврдуваат неопходноста од јавно известување за резултатите од ревизиите и за пристап до други публикации. Пребарувањето на овие публикации може да се изврши според различни критериуми: години, агенции/институции, тема итн.

» Некои ВРИ издаваат збирни извештаи. Една ВРИ на својата веб-страна нуди „Новини по е-пошта“ каде, по претплатата, се овозможува пристап преку е-пошта до најновите публикации на ВРИ.

» Во повеќето земји, раководителот на ВРИ ги презентира наодите од ревизорските извештаи (сите или избрани) пред парламентарните комитети, а во некои земји пред кралот или претседателот.

» Во една ВРИ, раководителот на ВРИ секоја година се ангажира лично со групи на надворешни засегнати страни колективно (законодавни тела, извршно ниво на влада, советници и градоначалници) за неговите/нејзините заклучоци и анализата на резултатите што произлегуваат од ревизиите. Истата ВРИ, на комитетите за јавни сметки, исто така, им обезбедува ориентација и обука за финансиско управување за да им овозможи подобро разбирање на ревизорските

извештаи и подобрување на нивната коректност за проблемите со ревидираните субјекти.

» Голем број ВРИ доставуваат писма до новите членови на парламентарните комисии во кои се потенцираат случаи кога владата не презела мерки согласно препораките во претходни ревизорски извештаи. Ова се прави после секои избори, препознавајќи дека има многу нови членови во парламентот.

» Раководителот на ВРИ одржува на редовна основа, формални и неформални состаноци со претседателите и членовите на парламентарните комисии и со замениците министри на субјектите предмет на ревизија. Овие состаноци му даваат можност на раководителот на ВРИ да ги објасни улогата и мандатот на ВРИ и да ги разбере подобро потребите на различните комисии, како и прашањата и ризиците со кои се соочуваат субјектите кои се предмет на ревизија.

» Една ВРИ обезбедила за парламентарците упатство со наслов„ Проверка на јавното трошење “за да им помогне во проверката на владиниот буџет. Упатството се обидува да го демистифицира процесот и вклучува препорачани прашања кои парламентарците можат да им ги постават на секторите и агенциите.

» Некои ВРИ имаат мандат да даваат забелешки за нацрт-буџетот.

» Некои ВРИ даваат забелешки за многу големи инфраструктурни проекти.

» Голем број ВРИ комуницираат со антикорупциските владини институции.

# ПРИНЦИП 8

**ВРИ навремено и широко комуницираат за нивните активности и резултатите од ревизијата преку медиуми, веб-страни и на други начини.**

» ВРИ отворено комуницираат со медиумите или другите заинтересирани страни за нивното работење и резултатите од ревизијата и се видливи во јавната арена.

» ВРИ го охрабруваат јавниот и академскиот интерес за нивните најважни заклучоци.

» Апстрактите од ревизорските извештаи и судските пресуди, освен на јазиците на земјата, се достапни на еден од официјалните јазици на INTOSAI.

» ВРИ иницираат и спроведуваат ревизии и навремено ги издаваат релевантните извештаи. Транспарентноста и отчетноста ќе се зголемат доколку ревизорската работа и обезбедените поврзани информации не се застарени.

» Извештаите за ВРИ се достапни и разбирливи за широката јавност преку различни средства (на пр. резимеа, графикони, видео презентации, соопштенија за печат).

## » ДОБРА ПРАКСА

Извештаите на ВРИ се достапни на нивните веб-страни.

» ВРИ одржуваат прес-конференции по објавувањето на ревизорски извештај за да ја објаснат содржината на истиот.

» ВРИ усвојуваат проактивен однос кон граѓанското општество. Голем број ВРИ ангажираат специјалисти за комуникација да ги разгледаат нивните извештаи за да се осигурат дека се напишани на обичен и разбирлив јазик.

» Една ВРИ нуди портал за медиумски центар за новинари и други кои бараат информации за ВРИ, како и за соопштенија, изјави, говори и други релевантни информации, како што се достапни.

» Една ВРИ презентира сличен раздел. За секоја публикација на ВРИ, достапни се соопштенија за печат, говори, резимеа и написи.

» Една ВРИ има назначен портпарол кој е достапен за медиумите. Покрај тоа, оваа ВРИ одржува редовни сесии со клучните медиумски куќи со цел да им помогне да ги разберат ревизорските извештаи и да ги објават своите статии точно и во вистинскиот контекст.

» Раководителот на една ВРИ редовно се состанува со новинар на прес-

конференција која следи по објавувањето на ревизорски извештај како интервју еден на еден. Раководителот на оваа ВРИ, исто така, се состанува со парламентарците за да го објасни буџетот на ВРИ и да го дискутира извештајот за плановите и приоритетите, извештајот за учинокот и практиките на управување.

# ПРИНЦИП 9

**ВРИ користат надворешни и независни совети за подобрување на квалитетот и кредибилитетот на нивната работа.**

» ВРИ се усогласени со Меѓународните стандарди на врховните ревизорски институции и се залагаат за континуирано учење со користење упатства или експертиза од надворешни страни.

» ВРИ може да побараат надворешна независна проценка на нивното работење и имплементација на стандардите. За оваа цел тие можат да користат peer review.

» ВРИ може да користат надворешни експерти за да обезбедат независни, стручни совети, вклучително и за технички прашања во врска со ревизиите.

» ВРИ јавно известуваат за резултатите од peer review-ата и независните надворешни проценки.

» ВРИ може да имаат корист од заеднички или паралелни ревизии.

» Со подобрување на квалитетот на нивната работа, ВРИ може да придонесат за подобрување на професионалниот капацитет во финансиското управување.

## » ДОБРА ПРАКСА

Голем број ВРИ биле предмет на peer review и резултатите се објавени на нивните веб-страни.

ВРИ добиваат совети од голем број комитети со надворешни членови. Овие

членови се експерти со соодветно искуство, како на пр. водечки претставници од групите за животна средина, академската заедница, поранешни јавни државни службеници и приватни сметководствени фирми.

ВРИ користат експертска проценка (во области кои вклучуваат технички прашања поврзани со ревизиите) или академски повратни информации, референтни точки: информациони системи и актуарски пресметки.

Неколку ВРИ учествуваат во заеднички ревизии за прашања од областа на животната средина.

Друга ВРИ ги подложува своите ревизии на регуларност на независна техничка проценка од страна на националниот Независен регулаторен одбор за ревизори, а своите ревизии на успешност на проценки од меѓународен тим за peer review на ВРИ.

Голем број ВРИ спроведуваат кооперативни ревизии со ВРИ од различна јурисдикција, каде има споделување на ревизорски цели, критериумите и ревизорски програми. Ревизорските канцеларии известуваат индивидуално до нивните законодавни тела. Примери за овие кооперативни ревизии вклучуваат прашања за Абориџините, како на пр. услуги за деца во резерватите и во здравствениот сектор според индикаторите за учинок.

Една ВРИ воспостави независен панел за разгледување на практики во врска со животната средина и развојни практики, и да препорача начини за потенцијално зајакнување на ваквите практики.

Една ВРИ користи надворешен консултант за проверка на „вкупен квалитет на управување“ или на „клиент“, вклучително и интервјуа со високи раководители и клучни контакти во ревидираните министерства и јавни субјекти и други засегнати страни.

Некои ВРИ одржуваат релации со универзитетите со цел да го подобрат квалитетот на нивната работа.

Некои ВРИ одржуваат формални механизми преку кои јавноста може да комуницира за специфични забелешки и предлози во врска со ревизиите.